20261341921

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ШУМИТЕ

Се прогласува Законот за изменување на законот за шумите, што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 11 јуни 2026 година.

Бр. 08-4046/1
11 јуни 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ШУМИТЕ

Член 1

Во Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија“ број 64/2009, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16, 39/16 и 147/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 274/22, 255/24, 59/25 и 58/26), Главата III-а. ПЛАНИРАЊЕ ПОРАДИ ЗАШТИТА НА ШУМИТЕ ОД ПОЖАРИ се брише.

Член 2

Насловот на членот и членот 40-а се бришат.

Член 3

Насловот на членот и членот 40-б се бришат.

Член 4

Насловот на членот и членот 40-в се бришат.

Член 5

Насловот на членот и членот 40-г се бришат.

Член 6

Насловот на членот и членот 40-д се бришат.

Член 7

Во член 67 во ставот (9) зборовите: „Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 8

Во член 70-а во ставот (11) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 9

Во член 83-г во ставот (1) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 10

Во член 83-д во ставот (5) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 11

Во член 83-е во ставот (9) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 12

Во член 100 став (1) во точката 7) зборовите: „Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 13

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.